**20211352238**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 јуни 2021 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА(*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21 и 53/21), во членот 1 во ставот (2) по бројот „456“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 457, се додаваат четири нови Прилози 458, 459, 460 и 461 кои се составен ден на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-5982/1 | Претседател на Владата |
| 15 јуни 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

Прилог 458

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 170/2021 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Шише изработено од механички произведено стакло, во форма на череп, со висина приближно 9,5 см и номинален волумен 180 мл. Шише има краток врат (приближно 1,5 см долг и 2 см во дијаметар) и незапечатена затка направена од плута, која лабаво се вклопува во отворот на шишето. Погледнете ја сликата (*).. | 7013 49 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванието на тар. броj 7013 и тар. подброеви 7013 49 и 7013 49 99.<br>Врз основа на објективните карактеристики (специфичен облик на производот, затка од плута лабаво вметната во грлото; незапечатена затка од плута), производот не е наменет за комерцијална употреба за транспорт или пакување на стоки во смисол на тар. број 7010. Затворањето со затка од плута не гарантира дека содржината нема да протекува или да истече за време на транспортот. Поради дизајнот на шишето и лабавото затворање, производот е сличен на декантер или кујнско шише за масло или оцет, кои производи се користат како трпезни или кујнски производи од стакло и се исклучени од тар. број 7010 (видете Забелешка на Коментарот на Хармонизиран систем за тар. број 7010, првиот став, петтиот став и исклучувања под (в) и Коментарски забелешки за тар. број 7013, став 1 точка (1). Затоа, распоредвањето во тар.број 7010 како стаклено шише, од вид што се користи за транспорт или пакување на стоки, е исклучено.<br><br>Оттука, производот ќе се распореди во тар. подброј 7013 49 99 како производ од стакло од вид што се користи за на маса, во кујна или за слични намени (освен оние од тар. 7010 или 7018). |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 459

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 530/2021 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пренослив рачен електромеханички уред за посебна нега на кожа. Уредот е со овална форма и димензии приближно 75 x 80 x 30 мм. Опремен е со водоотпорно куќиште и вграден електромотор кој произведува вибрации (т.н. сонични пулсации).<br><br>Надворешната површина на уредот е направена од силикон со хипоалергенски четкици од силикон на двете страни. Површината на уредот е поделена на три зони, од кои секоја е опремена со четки со различна дебелина. На предната страна на уредот се наоѓа копче за вклучување/исклучување и копче за зголемување/намлување на интензитетот на пулсација.<br><br>Уредот е наменет за чистење на кожата на лицето со средство за чистење и вибрирачките четкици. Кожата при чистењето истовремено и се масира со пулсации.<br><br>Уредот обично се користи во домаќинство, при патување итн. | 8509 80 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI заедно со забелешка 3 од Глава 90, Забелешка 4(б) од Глава 85 и наименување на тар. број 8509 и тар. ознака 8509 80 00.<br><br>Уредот има функција на апарат за домаќинство за чистење на лице (види Коментарски забелешки на ХС за тар. Број 8509, прв став) и функција за масажа, но оваа е само дополнителна. Врз основа на Забел. 3 од Оддел XVI уредите наменети за вршење две или повеќе комплементарни функции се распоредуваат врз основа на главната функција. Затоа распоредувањето во тар. Број 9019 како апарат за масажа е исклучено.<br><br>Затоа, производот се распоредува во тарифна ознака 8509 80 00 како „други електромеханички апарати за домаќинство со вграден електромотор". |

Прилог 460

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 531/2021 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Носач на објектив на камера изработен од метал и пластика со бајонетен спој, и со димензии од приближно 92 × 86 × 35,1 mm.<br>Производот е наменет да биде прикачен на предната страна на дигиталната видео камера, каде што се поставува помеѓу снимачот на видео камерата и објективот. Тој е осмислен да овозможи употреба на објективот со дигиталните видео камери со различни големини на навој, со што се овозможува механичко управување на ирисот (блендата) со поместување на прилагодувач. | 9002 11 00 | Распоредувањето е утврдена со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (ј) на Оддел XVI, Забелешка 2 (б) од Глава 90 и со наименувањето на тар. број 9002 и тар. подброј 9002 11 00.<br>Распоредувањето во тар. број 8529 како дел погоден за употреба единствено или главно со апарати од тарифните броеви 8525 до 8528 е исклучен затоа што производот не е од суштинско значење за функцијата на дигиталната видео камера.<br><br>Бидејќи производот овозможува објективот да се употребува со дигитални видео камери со различна големина на навојот, со употреба на истиот се зголемува и употребата на објективот. Затоа, производот се идентификува како прибор што исклучиво или главно се користи со објективите од тарифен број 9002 (види пресуда на Судот од 16 јуни 2011 година, Unomedical, C-152/10, ECLI: EU: C: 2011 : 402, точки 29, 30 и 34). Оттука распоредувањето во тар. број 8479 како машина со посебна функција, што не е наведена или опфатена на друго место во Глава 84, е исклучено затоа што производот поконкретно е опфатен во друга Глава од Номенклатурата на Царинската тарифа (види исто така коментарски забелешки на Хармонизиран систем за тар. број 8479, став два под (б)).<br><br>Оттука производот ќе се распореди во тар. подброј 9002 11 00 како додаток за објективи од тар. број 9002. |

Прилог 461

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр.532/2021 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат (т.н. „приклучна станица за камера" или уред за снимање „сè во едно") претставен во едно куќиште со димензии од приближно 33 × 23 × 8 см, што ги содржи следниве компоненти:<br>- пасивни и активни елементи,<br>- процесор,<br>- графичка картичка,<br>- внатрешна меморија (тврд диск).<br><br>Апаратот нема телевизиски приемник.<br><br>Апаратот е опремен со следниве приклучоци: RJ45, USB, VGA, SPF и HDMI и интегриран мрежен прекинувач со осум порти со можност за напојување преку етернет (PoE).<br><br>Тој е опремен со оперативен систем на „стандардна машина за автоматска обработка на податоци". Исто така претходно е конфигуриран прединсталациски специјален „софтвер за управување со камери" вклучувајќи и лиценци за осум канали.<br><br>Апаратот е дизајниран да прима аудио и видео податоци преку телекомуникациски интерфејс (и Интернет протокол (IP)) од најмногу осум надзорни камери (IP камери). Податоците може да се снимаат на внатрешниот тврд диск и на надворешна меморија (преку USB интерфејс), или апаратот може да ги испраќа податоците на друга IP адреса преку телекомуникациските мрежи (на пр. на сервер, апарат за вклучување-исклучување, мобилен телефон или машина за автоматска обработка на податоци).<br><br>Апаратот може да се поврзе со монитор, екран или контролна тастатура. Наменет е да се користи со безбедносни системи за надзор. | 8521 90 00 | Распоредувањето е утврдено со основните правила 1 и 6 за толкување на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI, Забелешка 5 (Д) од Глава 84 и наименуванијата на тар. број 8521 и тар. ознака 8521 90 00.<br><br>Согласно неговите објективни карактеристики, апаратот е наменет да работи заедно со најмногу осум камери за потребите на видео-надзорот. Машината, која за таа цел, ги снима сигналите од камерите и може истите да ги испрати на друга IP адреса или да ги репродуцира на екран или монитор, извршува посебна функција, покрај функцијата на обработка на податоци во согласност со текстот на Заелешката 5 (Д) од Глава 84 (Видете исто така пресуда на Судот на правдата од 17 март 2005 година, Ikegami Electronics, C-467/03, ECLI:EU:C:2005:182). Според тоа, распоредувањето во тар. број 8471 како машина за автоматска обработка на податоци е исклучено.<br><br>Апаратот е дизајниран да извршува две или повеќе комплементарни функции во рамки на значењето на Забелешката 3 од Оддел XVI, т.е. пренос и примање на податоци од тар. број 8517 и снимање и репродукција на видео запис од тар. број 8521.<br>Врз основа на објективните карактеристики на апаратот, главна функција е снимање на слики во рамки на безбедносниот систем за надзор. Преносот и приемот на податоци се само споредни функции наменети за подобрување на работата на системот чиј составен дел е апаратот. Затоа, распоредувањето во тар. број 8517 е исклучено. (Видете исто така пресуда на Судот на правдата од 25 февруари 2016 година, G. E. Security, C-143/15, ECLI: EU: C: 2016: 115, ставови од 55 до 57).<br><br>Оттука, апаратот треба да се распореди како друг апарат за снимање и репродукција на слика, со или без вграден видео тјунер, во тарифен подброј 8521 90 00. |